29181


ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЕКРАН
Скопје

-6 AUG. 1982 612.4.


*ИЗЛОЖБИ*

# ПРИКАЗ НА МАКЕДОНСКАТА УМЕТНОСТ



БОРКО ЛАЗЕСКИ: „СТРЛАЊЕ"

Покрај постојаната поставка во Музејот на современата уметност во Скопје отворена е нова изложба што опфаќа дела од областа на сликарството, скулптурата, како и дела, од применетата уметност (керамика, тапиcерии). Од 103 автори изложени се 151 дело (100 слики, 23 скулптури, 14 керамички творби и 8 тапиcерии. Целта на оваа изложба е-да даде еден општ приказ за развојот на современата македонска уметност.

Првите обиди во македонската уметност се направени уште во времето на т.н. „преоден период" во времето на македонските зографи, кои поучени од новите сознанија стекнати во познатите уметнички центри, се ослободуваа од византиската традиција. Од особено значење е периодот меѓу двете светски војни кој ја услови појавата на првите академски образовани уметници, кои ќе ги постават темелите на современата македонска уметност.

Шестта деценија на современата македонска уметност бележи отвореност кон низа современи правци; од експресионизмот, надреализмот до поп артот и ангажирана уметност, воедно свртувајќи се кон сопственото културно наследство, и градејќи една поавтентична уметност. Тао се гледа во делата на новата генерација.

Седмата деценија бележи ползување на новото и старото во сопствени национални и туѓи традиции. Новата уметност е испреплетена со елементи од фигуративната и кон фигуративната уметност, условена од современата градска средина изразена како ангажиран или протестен акт на уметникот, што особено е изразено кај најмладата генерација.

М.П.